# Службен весник на Република Македонија

**Број 193** **24 декември 2014, среда** **година LXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 5920. | **Одлука** за задолжување на општина Новаци со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје ....................... | 2 |
| 5921. | **Одлука** за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2014 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации .................................................. | 2 |
| 5922. | **Одлука** за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2014 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи ................................................ | 7 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-8 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5920.**

Врз основа на член 16 став 8 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА НОВАЦИ СО КРАТКОРОЧЕН КРЕДИТ КАЈ МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД СКОПЈЕ**

Член 1

Општина Новаци се задолжува кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со краткорочен кредит во износ од 2.779.646,00 денари.

Член 2

Средствата од краткорочниот кредит од член 1 на оваа одлука општина Новаци ќе ги користи за финансирање на Проектот „Жива историја - жива природа“ под следните услови:

- рок на отплата: 1 (една) година со вклучен грејс период од 6 (шест) месеци и
- каматна стапка: фиксна каматна стапка која изнесува 5,75% на годишно ниво.

Член 3

Условите и начинот на користење на заемот, како и сервисирањето на обврските кои произлегуваат од истиот, се утврдуваат со Договорот за кредит кој ќе се склучи помеѓу општина Новаци и Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11234/1
23 декември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**5921.**

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/2013), а во врска со член 49, став (1) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“, бр.52/2010 и 135/2011), член 2 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.23/2009) и точка 2 од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2014 година („Службен весник на Република Македонија” бр.1/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 12.000.000 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, раздел 040.01-Влада на Република Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфер до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, како учество на Републиката во финансирањето на следните здруженија и фондации:

| Реден број | Архивски број | НАЗИВ | СЕДИШТЕ | ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 28- 143/1 | Земјоделско здружение на машински круг – ЗЗМК | Пробиштип | Деконтаминирање на земјоделски површини загадени со тешки метали – Позитивни искуства и едукација |
| 2 | 28- 186/1 | Здружение на граѓаните за одржлив развој и заштита на животна средина Гоу Грин | Скопје | Младите на велосипед |
| 3 | 28- 84/1 | Здружение за хуманитарни активности Синергија | Штип | Музиката ги обединува разликите |
| 4 | 28- 15/1 | Сојуз на здруженијата за техничка култура „Народна техника“ Кичево | Кичево | Грнчарството – дел од културниот идентитет на Кичевско |
| 5 | 28- 51/1 | Здружение Доверба | Куманово | Јакнење на самохрани родители и нивни семејства на територија на општина Куманово |
| 6 | 28- 54/1 | Здружение Библиотека Ал-Би | Демир Хисар | Печатење туристичко-археолошки водич за Демирхисарско |
| 7 | 28- 115/1 | Здружение за унапредување и развој на земјоделието АГРОНИК | Свети Николе | Поддршка на сегашни и идни земјоделски претприемачи преку Бизнис акцелератор услуги |
| 8 | 28- 6/1 | Детски парламент на Македонија за општините Штип и Карбинци | Штип | Обновливите извори на енергија – иднина на човештвото |
| 9 | 28- 16/1 | Здружение за заштита и развој на руралните простори Извор | Кичево | Компаративни предности за развој на руралниот микро-регион Бржданска река во Кичевско |
| 10 | 28- 57/1 | Здружение Свет Крст | Виница | Трим патека во општина Виница |
| 11 | 28- 111/1 | Здружение за истражување на политики Аналитика | Гостивар | Енергетска ефикасност во Македонија на локално ниво – предизвикот на подготовка на програми за енергетска ефикасност |
| 12 | 28- 123/1 | Здружение на Роми Авена | Кочани | Со запознавање на разноликостите подобрување на еднаквоста |
| 13 | 28-189/1 | Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби Бравура Кооперaтива | Делчево | Клуб за социјална инклузија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14 | 28- 35/1 | Здружение Река | Кратово | Како со природните билки и нивно користење |
| 15 | 28- 94/1 | Здружение на Власи „Халча ал брова“ | Куманово | Јазикот е наша традиција |
| 16 | 28- 97/1 | Здружение Разбој | Велес | Обичаите како највпечатлив репрезент на богатата мултиетничка култура на етникумите во Велес |
| 17 | 28- 195/1 | Здружение на Власите на општина Гевгелија Мегленија | Гевгелија | Хума – повик од нашите предци II – Чешми |
| 18 | 28- 103/1 | Здружение SOS Куманово | Куманово | Градиме мостови на родова еднаквост |
| 19 | 28- 113/1 | Здружение за негување на традиционалните вредности „Аманет – добра мисла“ | Битола | Јас сум Македонија |
| 20 | 28- 144/1 | Здружение за одржлив рурален развој на с.Лесново и Осоговскиот регион „Илински врв“ | Пробиштип | Лесновска селска фурна |
| 21 | 28- 167/1 | Здружение за одржлив социо – економски развој Изгрејсонце | Скопје | Фестивал на органска храна 2014 – Органската храна – фактор во туристичката понуда |
| 22 | 28-72/1 | Здружение за развој на ромската заедница во Република Македонија Сумнал | Скопје | Градиме заедничка европска иднина |
| 23 | 28- 198/1 | Коалиција на младински организации СЕГА | Прилеп | Креирање на локални младински стратегии |
| 24 | 28- 9/1 | Здружение за духовно обединување на Сетинци, Попадинци и Крушодари од Лерин во Македонија | Скопје | Културниот идентитет на Македонците по потекло од Егејскиот дел на Македонија како фактор за јакнење на довербата и коегзистенцијата меѓу македонскиот и грчкиот народ и нивните држави Македонија и Грција |
| 25 | 28- 42/1 | Здружение за еднакви можности СЕМПЕР | Битола | Погледни и препознај трговија со луѓе преку слика |
| 26 | 28- 48/1 | Здружение за помош и поддршка на деца и семејства под ризик За среќно детство | Скопје | Психолошка помош за надминување на траумите и ресоцијализација на жени и деца жртви на трговија со луѓе, згрижени во Државниот центар за лица жртви на трговија со луѓе |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27 | 28- 76/1 | Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта“ | Скопје | Безбедно сместување и психо-социјална поддршка на жртвите од трговија со луѓе |
| 28 | 28- 99/1 | Црвен крст на Република Македонија | Скопје | Превенција од трговија со луѓе |
| 29 | 28- 145/1 | Здружение за еднакви можности Езерка | Струга | Не знаеше?! – Трговија со луѓе постои – Информирај се!!! |
| 30 | 28-201/1 | Здружение на граѓани политички прогонувани, затворани и осудувани за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност | Скопје | Јакнење на владеењето на правото за потребите на граѓаните прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ од 1945 -1990 год. и негување на придобивките од нивното делување |
| 31 | 28- 22/1 | Организација на жени „Радика“ | Скопје | Информирај се, спречи, кажи стоп на трговијата со луѓе |
| 32 | 28- 82/1 | Полио плус - движење против хендикеп | Скопје | Еднакви можности за образование |
| 33 | 28- 131/1 | Здружение за промовирање еднакви можности за сите Свет за сите | Скопје | Пишуваме - говориме |
| 34 | 28- 148/1 | Здружение за општествена грижа и владеење на правото „Урбано општество“ | Скопје | Можеш и ти |
| 35 | 28- 166/1 | Здружение за заштита на природата и здравјето Виножито | Радовиш | Развој на руралните региони во Радовиш |
| 36 | 28- 138/1 | Здружение Романо Вас - Ромска рака | Скопје | Образование - клуч на вистината |
| 37 | 28-30/1 | Здружение на граѓани „Визион Вел“ | Струга | Зајакнување на капацитетите кај младите за заштита и унапредување на животната средина |
| 38 | 28-121/1 | Здружение „Јосиф Багери“ | Тетово | Со поголема интеграција на Албанци во образовниот систем, пораст на животниот стандард и поквалитетно живеење |
| 39 | 28-62/1 | Здружение за култура и уметност ТРАДИТА | Тетово | Заедно кон афирмација на културниот диверзитет |
| 40 | 28-151/1 | Здружение Мултикултура | Тетово | Младински иницијативи во средното образование |

Член 2

Се задолжуваат здруженијата и фондации од член 1 од Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна до 30.06.2015 година, да достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11300/1
23 декември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**5922.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ СО ЦЕЛ ПРОМОВИРАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 10.000.000,00 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, раздел 04010 – Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, потпрограма 21 – Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи, на следниве здруженија и фондации:

| Бр. | Архивски број | Здруженија и фондации | Седиште | Име на проект |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1001-1601/1 | Креативни и Активни | Струга | Фестивал на албанскиот филм |
| 2. | 1001-1601/16 | Институт за меѓународни и политички студии | Скопје | Мултикултурализам и подобрување на меѓуетничките односи во РМ |
| 3 | 1001-1601/19 | ЗФК „Илирет“ | Куманово | Во Круг |
| 4 | 1001-1601/25 | Центар за Развој и Демократија-Цдд | Скопје | Мултикултура- Мост што зближува |
| 5 | 1001-1601/26 | Здружение на граѓани ФК „Зајази“ | Кичево | Заедно, младите и спортистите за заштита на животна средина |
| 6 | 1001-1601/28 | МДЦ-ТИ, НЕТ | Скопје | Градење на соживотот во заедницата преку младински активизам |
| 7 | 1001-1601/29 | ЗНС- Здружение на неформални собирачи | Скопје | Заедно растеме и создаваме |
| 8 | 1001-1601/35 | Здружение на граѓани за Локален и Рурален развој | Тетово | Активни млади – успешен соживот |
| 9 | 1001-1601/45 | Организација „Младинска Алијанса“ | Тетово | Младите и Уметноста |
| 10 | 1001-1601/49 | Здружение за театарска продукција - „Култ“ | Дебар | „Кривина“ |
| 11 | 1001-1601/55 | ЗДПКС Движење Вепро | Струга | Да се запознаеме за да се почитуваме |
| 12 | 1001-1601/61 | ЗЕД Јавор | Струмица | Биди и ти дел од мултикултурниот свет |
| 13 | 1001-1601/62 | ЗГ Петра | Скопје | Учиме заедно за меѓуетничка толеранција |
| 14 | 1001-1601/67 | ХО „Децата на мирот“ | Сарај | Негувањето и унапредувањето на меѓуетничката соработка |
| 15 | 1001-1601/79 | ЗФК „Влазерими-1“ | Кичево | Фудбалот – виножито што не зближува |
| 16 | 1001-1601/77 | ГЗ „Центар без граници“ | Гостивар | Судовите во источна Македонија со Рамковниот договор |
| 17 | 1001-1601/75 | ЗАК „Арт 1“ | Тетово | Археолошка школа на Полошкиот регион 2015 |
| 18 | 1001-1601/76 | ЗУК „Б7 Теам“ | Скопје | Заедно за мир |
| 19 | 1001-1601/60 | ЗЛУ “Арт Визион” | Скопје | Уметност - заеднички свет |
| 20 | 1001-1601/36 | Центар за Ромска заедница „ДРОМ-КУМАНОВО“ | Куманово | ОРД предизвик за мултиетничкиот соживот |
| 21 | 1001-1601/39 | Виножито | Радовиш | Младите наша иднина, наша заедничка судбина |
| 22 | 1001-1601/21 | Здружение на Власи Јанко Михајоски | Кичево | Да си ги запознаеме нашите права |
| 23 | 1001-1601/03 | Српски културен центар | Скопје | Децата и писателите |

Член 2

Се задолжуваат здруженијата и фондациите од член 1 од Одлуката, во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности да достават извештај за користењето на средствата до Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор при Владата на Република Македонија.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11399/1
23 декември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. Ѓ Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД Ѓ Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014193